16/12/2010

# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
## ETOLAC®/ЕТОЛАК 200 mg филм-обложени таблети
## етодолак

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Етолак и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Етолак
3. Како да се употребува Етолак
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Етолак
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЕТОЛАК И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Етолак е нестероиден антиинфламаторен лек (НСАИЛ) со антиинфламаторни, аналгетични и антипиретични својства.
Етолак се користи за лекување на:

- воспалителни и дегенеративни заболувања на остеоартикуларниот систем (ревматоиден артритис, остеоартритис, анкилозен спондилитис, остеоартроза, артритис при системски заболувања на сврзното ткиво, вонзглобен ревматизам);
- ослободување од блага или од умерено тешка болка при спортски повреди, постоперативна болка, дентална болка итн.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ЕТОЛАК

**Немојте да употребувате Етолак ако:**

- сте имале алергиска реакција на етодолак, аспирин или на други нестероидни антиинфламаторни лекови (НСАИЛ);
- имате активен улкус на желудникот или на дуоденумот;
- имате крвавења од гастроинтестиналниот тракт;
- имате уртикарија (кожен исип);
- имате бронхијална астма;
- сте бремена или доите.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Бидете особено претпазливи со Етолак ако имате:**

- заболување на црниот дроб;
- срцево заболување;
- крвно нарушување;
- задржување на течности (отекување на нозете, зглобовите, стапалата);
- висок крвен притисок;
- заболување на бубрезите;
- проблеми со дишењето.

Известете го Вашиот доктор ако подолго време употребувате Етолак или некој друг лек, бидејќи тогаш е потребна редовна контрола, особено ако сте повозрасни.
Не се препорачува употребата на Етолак кај деца под 6 години бидејќи неговата безбедност и ефикасност не е доволно испитана.

**Употреба на други лекови**
*Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако земате или до скоро сте земале какви било лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*
Особено е важно ако земате некој од следниве лекови:

- антикоагулантни лекови (лекови кои ја спречуваат коагулацијата на крвта, како варфарин);
- некои нестероидни антиинфламаторни лекови или инхибитори на циклооксигеназа-2 (пр. аспирин или ибупрофен);
- орални кортикостероиди (антиинфламаторни лекови);
- циклоспорин (лекови кои се употребува по трансплантација);
- метотрексат (за третман на некои воспалителни болести или некои тумори);
- кинолони (за третман на инфекции);
- литиум (за третман на психијатриски болести);
- гликозиди (за третман на срцеви болести, пр. дигоксин);
- лекови за третман на срцеви заболувања или висок крвен притисок (пр. бета-блокатори или АКЕ инхибитори);
- мифепристон (лек кој се употребува за абортус).

Ако правите контрола на крвната слика или уринарни анализи, известете го Вашиот доктор дека земате Етолак, бидејќи лекот може да влијае на резултатите.

Ако долготрајно земате Етолак, потребна е редовна контрола на Вашето здравје.

**Земање Етолак со храна или со пијалак**
Етолак таблетите може да се применуваат со или без храна.
За време на терапијата со Етолак не треба да се консумираат алкохолни пијалаци и треба да се избегнува пушење.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Известете го својот доктор ако сте бремена или ако доите (лекот не смее да се користи за време на бременоста и доењето).

**Важни информации за некои составни компоненти на Етолак**
Етолак содржи лактоза. Ако Вашиот доктор Ве известил дека не неподнесувате некои шеќери, разговарајте со него пред да го земете овој лек.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЕТОЛАК

*Секогаш земајте Етолак точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни, консултирајте се со својот доктор или фармацевт.*

Вашиот доктор ќе одлучи во која дозата и во кој временски период треба да го земате лекот. Важно е да се придржувате на дозата што ја одредил докторот. Не земајте на своја рака повеќе таблети или почесто од препорачаното.

*Возрасни:*
Препорачана доза е од 400-600 mg дневно, поделено во две или во три поединечни дози или како еднократна дневна доза.
*Дозирање кај постари лица:*
Дозата на етодолак кај постари лица не е потребно да се приспособи; сепак, треба да се употребува со претпазливост бидејќи постарите лица се поосетливи на несаканите дејства.
Доколку имате впечаток дека дејството на Етолак е премногу силно или премногу слабо, разговарајте со докторот.
*Деца:*
Не се препорачува употреба на етодолак кај деца под 6 години бидејќи неговата безбедност и ефикасност не е доволно испитана.

**Ако сте земале поголема доза Етолак отколку што треба**
Во случај да земете премногу таблети Етолак наеднаш, потребно е веднаш да побарате медицинска помош. Симптомите на предозирање се: силна стомачна болка, повраќање со изглед на талог од кафе, силна зашеметеност, губење на свеста, забавено дишење.

**Ако сте заборавиле да земете Етолак**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*
Ако лекот Ви е препишан за редовна употреба (а не за по потреба) и ако пропуштите доза, надоместете ја што побрзо. Ако времето до наредната доза е кратко, изоставете ја пропуштената доза и продолжете со вообичаеното дозирање.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Етолак може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

Можни несакани дејства се: стомачни тешкотии, пролив, гасови, гадење, повраќање, запек, замор, вртоглавица, промени во расположението и психички промени, палпитации, зачестено мокрење. Ако се појави некое од горенаведените несакани дејства, известете го докторот.
Сериозни, но ретки несакани дејства се: алергиска реакција (исип, чешање, отекување на лицето или на рацете, отекување или трпнење во устата или во грлото, силна вртоглавица, проблеми со дишењето), гастроинтестинални улцерации (црна или крвава столица, силна болка во абдоменот, повраќање крв или содржина како "талог од кафе"), бубрежна слабост (намалено мокрење-намалена количина на урина), нарушувања на функцијата на црниот дроб (абдоминална болка или пожолтување на кожата и на белките од очите), промени во бројот на крвните клетки-анемија, тромбоцитопенија, агранулоцитоза и неутропенија (се манифестираат со лесно или невообичаено создавање модринки или крвавење или инфекција (треска, постојано болно грло)). Во случај на појава на некој од тие симптоми, веднаш известете го докторот или побарајте медицинска помош.

*Ако кое било несакано дејство станува сериозно или ако забележите несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЕТОЛАК

Да се чува на температура под 25°C.
Лекот чувајте го на места недостапни за децата!
Не употребувајте Етолак по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Етолак**
- Активна супстанција: етодолак.

Една филм-обложена таблета содржи 200 mg етодолак.
- Помошни состојки: микрокристална целулоза; лактоза монохидрична; колоиден силициум диоксид, безводен; талк; натриум скробен гликолат; магнезиум стеарат; повидон; хипромелоза; макрогол; железен оксид, црвен; титаниум диоксид.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Изглед на лекот Етолак и содржина на пакувањето**
Кафеава, округла биконвексна таблета со делбена линија на едната страна.
Шише со 20 филм-обложени таблети и упатство за пациентот.

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД - Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000; факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**Датум на последната ревизија на упатството**
Октомври, 2010 г.